**До**

**ЈКП „Водовод и канализација“-Прилеп**
**Ул. Страшо Пинџур бр. 30 Прилеп**

**Предмет: Илија Наумоски – Кратка биографија за член на Управен одбор на ЈКП „Водовод и канализација“-Прилеп**

Јас, Илија Наумоски, сум роден во Прилеп, на 18.08.1994 година. Имам завршено високо образование на Факултетот за деловни студии во Белград – Р. Србија (Fakultet za poslovne studije – Beograd), на студиската програма Основни академски деловни студии и се стекнав со стручно звање: Дипломиран економист со 240 ЕКТС кредити. На 11.11.2019 година се вработив во Друштвото за превоз, трговија и услуги „В-Роуте“ ДООЕЛ Прилеп како Координатор за транспорт и логистика, а од 01.03.2020 година ја извршував функцијата Управител на истото друштво со заснован работен однос, а по вработувањето во другото друштво продолжив и понатаму да ја извршувам оваа функција. Сметано од 04.09.2024 година сум вработен во Прехранбена индустрија „Витаминка“ АД Прилеп на работно место: Помошник оперативен директор. Исто така, околу десетина години бев вработен и сум Управител на друштвото „Ведрина-2“ ДОО Белград, Р.Србија, чија основна дејност е трговија со прехранбени производи.

Моето поле на експертиза е во областа на продажбата, дигиталниот маркетинг, корпоративните финансии и менаџментот. Во досегашниот работен стаж со успех имам реализирано поголем број значајни проекти. Особено би го издвоил етаблирањето на Друштвото за превоз, трговија и услуги „В-Роуте“ ДООЕЛ Прилеп како лидер во транспортните услуги во Прилеп и регионот. Исто така, како Помошник оперативен директор во „Витаминка“ сум целосно вклучен во оперативното водење на компанијата и поврзаните субјекти заедно со Генералниот извршен директор.

Имајќи го предвид досегашното мое искуство, верувам дека, како член на Управниот одбор на ЈКП „Водовод и канализација“ – Прилеп можам да придонесам за обезбедување на континуитетот во работењето и подобрување на состојбите.

Илија Наумоски

Прилеп, 14.01.2026 год.